TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

Кратка методологиска забелешка

Индекс на перцепција на корупцијата (ИПК) на Transparency international 2007

1. Индексот на перцепција на корупцијата опфаќа податоци од извори од периодот на изминатите две години (за ИПК 2007 се вклучени истражувања од 2007 и 2006 година).
2. ИПК 2007 е пресметан со користење на податоци од 14 извори кои произлегуваат од 12 независни институции. Сите извори ја мерат целокупната распространетост на корупцијата (зачестеноста и/или големината на митото) во јавниот и политичкиот сектор и сите извори обезбедуваат рангирање на земјите т.е. вклучуваат проценка на поголем број земји.
3. За ИПК изворите коишто претставуваат истражувања и кадешто се достапни на увид повеќе години од исто истражување, податоци за последните две години се вклучени за да се обезбеди урамнотежен ефект.
4. За изворите чиишто бодови се обезбедени од експерти (агенции за испитување на ризикот/аналитичари од земјите), вклучено е само најновото повторување на проценките , бидејќи овие резултати, внимателно се прегледувани и се менуваат многу малку од година во година.
5. Евалуацијата на распространетоста на корупцијата во земјите е направено од страна на експерти од земјите, домашни и надворешни,(во ИПК за 2007 ова се состои од следниве извори: ADB, AFDB, BTI, CPIA, EIU, FH, MIG, UNECA и GI), како и домашни бизнис лидери кои ја проценуваат сопствената земја (во ИПК за 2007 ова ги содржи следните извори: IMD, PERC и WEF).
6. За да се одреди средишната вредност на земјата, стандардизацијата е спроведена низ соодветна процентуална техника. Ова го подразбира рангирањето на земјите пријавено од секој индивидуален извор.Овој метод е корисен за комбинирање извори коишто имаат различна распределба. Иако има одредена загуба на информациите со оваа техника таа дозволува сите пријавени резултати да останат во границите на ИПК, односно да останат помеѓу 0 и 10.
7. Потоа на бодовите се применуба бета- трансформација. Ова ги зголемува отстапувањата од стандардите меѓу сите земји вклучени во ИПК и го одбегнува процесот со кој соодветната процентуална техника резултира во помали девијации на стандардите од година во година.
8. Следно сите вредности од земјите се земаат во средна вредност за да се одреди бодовниот резултат на земјата.
9. Бодовите и рангот на ИПК се придружени од бројни извори , распон високо- ниско, стандардна девијација и распон на доверливост за секоја земја.
10. Распонот на доверба е одреден со методологија, која дозволува да се извлечат заклучоци врз база на потенцираните прецизности на резултатите. Потоа воспоставен распон на доверба од 90%, кадешто има 5% веројатност вредноста е пониска и 5% веројатност дека вредноста е повисока од овој ранг на доверба.
11. Истражувањата покажуваат дека веројатноста за непристрасна покриеност за распонот на доверба е понизок од номиналната вредност од 90%. Точноста на проценките на интервалот на доверба се зголемува со порастот на бројот на извори: за 3 извори - 65.3%; за 4 извори - 73.6%; за 5 извори - 78.4%; за 6 извори - 80.2% и за 7 извори - 81.8%.
12. Целосната сигурност на информации е претставена во висока корелација помеѓу изворите. Во однос на ова,се изведуваат Пирсоновото и Кенделовото рангирање на корелации, кои обезбедуваат просечни резултати од .77 и.62 однос.